**Известување за концентрација со која ГЕН енергија д.о.о., Република Словенија ќе стекне контрола над Горењске електрарне, д.о.о. Република Словенија**

**(предмет бр. 08-74/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 04.04.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која ГЕН енергија д.о.о., со седиште на ул.Врбина 17, 8270 Кршко, Република Словенија, дирекно и индиректно преку своето поврзано друштво Савске електрарне Љубљана д.о.о. со седиште на Горењска цеста 46, 1215 Медводе, Република Словенија има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Горењске електрарне, д.о.о., со седиште на Стара цеста 3, 4000 Крањ, Република Словенија .

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Основна дејност на друштвото **ГЕН енергија** е управување со други правно независни друштва (дејности на холдинг друштва). **ГЕН енергија** е владејачко друштво на ГЕН Групацијата.

Во Северна Македонија, **ГЕН Групацијата**, има 3 (три) регистрирани поврзани друштва:

- Друштво за продажба на енергија ГЕН-И ПРОДАЖБА НА ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр.15А, Скопје – Центар, Северна Македонија, со регистрираната дејност: трговија на електрична енергија;

- Друштво за производство на електрична енергија ГЕН-И СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр.15 А/1, Скопје – Центар, Северна Македонија, со регистрираната дејност: производство на електричната енергија и

- Друштво за производство и трговија со електрична енергија ГЕН-И КАВ СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр.15 А/1, Скопје – Центар, Северна Македонија, со регистрираната дејност: производство на електрична енергија

Основна дејност на друштвото **Горењске електрарне** е производство на електрична енергија во хидроелектрани, соларни централи и производство на енергија во високоефикасно комбинирано производство.

**Горењске електрарне** нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како  пазар за производство и снабдување на големо со електрична енергија на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.***

09.04.2025 година

Скопје